РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3525/3
06-08-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од осмата седница одржана на ден 01.08.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-3924/1 од 09.10.2021 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3924/1 од 09.10.2021 година.
Предметот со број 08-3924/1 од 09.10.2021 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-3924/1 од 09.10.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.
Од увидот во Службен весник на РСМ број 110/21, ДКСК утврди дека на лицето ______________________на ден 11.05.2021 година му престанала функцијата член на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за ______________________.
Од увидот во својата евиденција, ДКСК констатира дека именуваниот, во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднел анкетен лист до ДКСК.
Од наведеното произлегува дека ______________________ сторила прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.
ДКСК на именуваниот му издаде прекршочен платен налог број 08-3525/2 од 11.04.2022 година.

Имајќи во предвид дека од денот на издавање на прекршочниот платен налог не е преземено процесно дејствие за гонење на сторителот на прекршокот во рок од две години, согласно член 41 став 1 од Законот за прекршоците, во конкретниот случај настаната е застареност за поведување и водење на прекршочна постапка.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk